ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-195/9**

**Дата: 01.03.2011**

## ДО

## СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ „МАРИЈА КИРИ СКЛОДОВСКА“ - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на Град Скопје, „Марија Кири Склодовска “ – Скопје (во понатамошниот текст СУГС „М.К.Склодовска “ - Скопје) на сметката на основен буџет на РМ (603-14) за 2009 година .

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Со ревизијата не утврдивме материјално погрешни прикажувања кои би имале ефекти врз финансиските извештаи поради што ние изразивме позитивно мислење во врска со реалноста и објективноста на финансиските извештаи, како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на СУГС „Марија Кири Склодовска"- Скопје на сметката на основен буџет за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на ден 31 декември, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на СУГС „Марија Кири Склодовска" – Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Трајче Атанасоски – директор од 17.05.2006 до 15.05.2010 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на СУГС „ М.К.Склодовска" - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 25.11.2010 година до 24.12.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 29.12.2010 година.

## 3. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на СУГС „ Марија Кири Склодовска “ – Скопје на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со законите и прописите

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 22.02.2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| | | |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 210 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **210** | **0** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 210 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **210** | **0** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **210** | **0** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | | 2009 | | 2008 |
| **Актива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Активни временски разграничувања | | 0 | | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **0** | | **0** |
| | | | | |
| **Вкупна актива** | | **0** | | **0** |
| | | | | |
| **Пасива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 0 | | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 0 | | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **0** | | **0** |
| | | | | |
| **Вкупна пасива** | | **0** | | **0** |